РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), постапувајќи по пријави поднесени од познат подносител- ------------- 26.03.2019 г. и на 27.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 22-та седница одржана на 17 септември 2019 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предметите оформени по пријави – поднесени од познат подносител ---------------------------------------- на 26.03.2019 г. и 27.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведени под број на предмет 12-1979/1 од 26.03.2019 г и под број 12-2856/1 од 27.05.2019 година, во кои се укажува на сомневања за сторени незаконски дејствија поврзани со финансиската состојба на ------------------ и поведената постапка за лажен стечај на друштвото ------------ .

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-1979/1 од 26.03.2019 г. и со број 12-2856/1 од 27.05.2019 година, поради тоа што во овој конкретен случај веќе постапуваат надлежни државни институции кои во рамките на своите законски надлежности презеле конкретни процесни дејствија (презеле истраги и други дејствија) во насока на утврдување на релевантноста на сомневањата за сторени кривични дела утврдени со Кривичниот законик на РСМ и поднеле кривични пријави против службени лица поради постоење на основи за сомневање за сторени кривични дела по членови од Кривичниот законик на Р. Северна Македонија до Јавното обвинителство на Р. Северна Македонија.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

До подносителот на пријавите да се достави писмено известување за постапувањето и за одлуката донесена од страна на ДКСК.

Предметот со архивски број 12-2856/1 од 27.05.2019 година и предметот со архивски број 12-1979/1 од 26.03.2019 год. да се затворат и да се архивираат.

**Образложение**

Предметите со број 12-1979/1 од 26.03.2019 г. и со број 12-2856/1 од 27.05.2019 година се оформени врз основа на пријави поднесени од подносителот- ---------------------------.

Во пријавите се укажува на сомневања за сторени незаконски дејствија поврзани со финансиската состојба на -------------, по донесување на Пресудата на Врховниот суд на РСМ од 27.12.2017 година со која ---------------- се обврзал да и исплати на --------------- околу 6,3 милиони евра главен долг, како дел од дадените заеми кон ---------------- од страна на --------------- од 2007 до 2010 година и поведената постапка за лажен стечај на друштвото --------------- во време кога ова друштво остварило добивка во своето работење. Во пријавите е наведено дека

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

подносителите за сомневањата за незаконските дејствија поврзани со конкретниот случај, ги известиле и поднеле кривични пријави до Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Основното јавно обвинителство и Јавното обвинителство на Р. Северна Македонија.

Со цел утврдување на фактичката состојба опишана во наводите од пријавите, од страна на членови од Државната комисија за спречување на корупцијата се остварени средби со претставници на подносителот на пријавите и со претставници на други надлежни органи кои имаат законски надлежности за постапување во овој случај, по што ДКСК констатира дека по конкретниот случај веќе постапуваат други надлежни државни институции подолг временски период, за кој период спровеле повеќе процесни дејствија согласно закон и утврдиле фактичка состојба во врска со наводите содржани во пријавите. Како резултат на преземените дејствија, Управата за финансиска полиција како надлежен орган до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција поднела кривична пријава против службени лица – претседател на Управен одбор на пријавеното правно лице ---------------, службено лице- во својство надлежен стечаен судија и службено лице- нотар. Имајќи ги во предвид сите овие дополнително прибавени сознанија, ДКСК утврди дека постапувањето во конкретниот случај е во понатамошна фаза на постапување во другите надлежни институции кои согласно законот имаат надлежности да преземаат конкретни процесни дејствија во насока на утврдување на релевантноста на фактите и основаноста на сомневањата за прекршувања содржани во пријавите, што од нивна страна и е преземено во изминатиот период.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на 17 септември 2019 година по број 12-2856/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk